ДО

Народна Банка на РС Македонија

НАРОДНА БАНКА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ / SHKUP

| Примено: Pranuar: | 05 -07- 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org: | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 02 | -20248/1 | | |

ОД

# Б А Р А Њ Е

Со ова БАРАЊЕ барам да ми се издадат податоци за движењето на курсот на ДЕНАРОТ во однос на Германската Марка за периодот од 1991 г. до 1998г. и тоа средната вредност.

До некаде март/април 1997 г. беше околу 27,5 денари за една Германска Марка,а потоа 31,2 денари за 1 ДМ,но потребна ми е состојбата од 1991 г. до 1998 г.

Поради инфлацијата во тоа време доволно ќе бидат и податоци за наведените години за тоа време просечната вредност за НАВЕДЕНИТЕ ГОДИНИ,на пример за 31 декември и 01.Јули за секоја од наведените години,како просечен податок,а потребно ми е за пред Европскиот Суд за Човекови Права и Слободи -Стразбург.

На ова БАРАЊЕ,барам веднаш да ми ги испратете податоците кои ги барам и тоа со ПОТПИС и ПЕЧАТ,а согласно чл.9 ст.1 од Законот за постапување по преставки и предлози,најкасно во рок од 15 дена.

БИТОЛА 02.07.2021 г.

БАРАТЕЛ

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 14 јули 2021 година донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот примено во Народната банка на Република Северна Македонија под број 02-20248/1 од 05.07.2021 година, се ОДОБРУВА.

Народната банка на Република Северна Македонија на редовна дневна основа, почнувајќи од 01.01.1993 година, на својата интернет страна (www.nbrm.mk) објавува Курсна листа со официјалниот девизен курс на денарот во однос на странските валути.

Во таа насока, податоците за девизниот курс на денарот се јавно достапни и може да се користат за искажување на девизните средства и обврски.

Во продолжение го доставуваме следниот одговор на поставеното прашање:

- На интернет страната на Народната банка на Република Северна Македонија на следнава интернет врска https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-kvartalen-izvestaj---statisticki-prilog-i-2021.nspx, во секцијата Статистика/Билтени/Квартален извештај – Статистички прилог I /2021/Табели од надворешнотрговскиот и девизниот сектор, во Табела 34: Девизен курс на денарот (просек за периодот) се објавени просечните курсеви за бараниот период. Во прилог ви доставуваме копија од табелата за девизниот курс на денарот (просек за периодот) од 1991 до 1998 година.

- Воедно ве известуваме дека податоците за средни курсеви на точно одреден датум, како што давате пример во барањето за 1 јули и 31 декември за секоја година, а не за период како што тековно објавува Народната банка, не се јавно достапни и би било потребно Народната банка да ги пресмета исклучиво врз основа на вашето барање. Доколку имате потреба од издавање на официјална писмена потврда за курсевите на странските валути од курсната листа на одредени датуми, Народната банка на Република Северна Македонија согласно *Одлуката за единствена тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народна банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/20)* за ваквата услуга наплатува надомест по:

- *Тарифен број 21.1 - Потврда за курсевите на странски валути од Курсна листа на Народната банка за период до 30 дена* со висина на надомест од 500 денари, односно 590 денари со пресметан ДДВ, или
- *Тарифен број 21.2 - Потврда за курсевите на странски валути од Курсна листа на Народната банка за период над 30 дена* со висина на надомест од 1.000 денари, односно 1.180 денари со пресметан ДДВ.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-549
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-340
www.nbrm.gov.mk

За барање за ваков тип услуги, потребно е да направите соодветна уплата на сметка на Народна банка на Република Северна Македонија со следниве карактеристики:

Жиро сметка 1000000011103
Шифра 676
Цел на дознака: Потврда за курс на валута
Повикување на број: 12071150

По добивањето на барањето за услуга, со точно наведување на датумите за кои е потребно да се направи услугата: пресметка на среден курс и со приложен доказ за извршената уплата, во најкраток можен рок ќе Ви биде доставени пресметаните податоци – предмет на Вашето барање за услуга, како и соодветна фактура за извршената уплата.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 5 јули 2021 година од страна на барател доставено е Барање, со кое се бара од Народната банка на Република Северна Македонија да достави податоци за движењето на курсот на денарот во однос на Германската марка за периодот од 1991 година до 1998 година и тоа средната вредност, односно просечна вредност за наведените години, при што како пример се наведени датумите 31 декември и 1 јули за секоја од наведените години.

Имајќи во предвид дека бараните податоци претставуваат информации од јавен карактер со кои Народната банка на Република Северна Македонија располага и се достапни и објавени на интернет страницата на Народната банка на Република Северна Македонија, на барателот му се доставуваат статистичките податоци што се објавени на интернет страната на Народната банка на Република Северна Македонија. Доколку барателот има потреба од средни курсеви на одредени датуми, како што дава пример во барањето, со оглед на тоа дека Народната банка наплаќа надомест за вршење на оваа услуга истиот се упатува да постапи согласно *Одлуката за единствена тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народна банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/20)*, по што Народната банка на Република Северна Македонија ќе достави одговор на барањето.

Со оглед на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 02-20248/2
14 јули 2021 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот учесник има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Копие до:
Дирекција за ПР

## Девизен курс на денарот (просек за периодот)

| | | ATS | FRF | 100 ITL | DEM | 3/ CHF | GBP | USD | EUR | 4/ JPY |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1991** | | 1.6743 | 3.4646 | 1.5760 | 11.7826 | 13.6150 | 34.4633 | 19.6868 | - | |
| **1992** | 1/ | 47.6505 | 98.9125 | 42.5141 | 335.5770 | 374.3318 | 923.6308 | 509.0885 | - | |
| **1993** | 2/ | 2.0127 | 4.1226 | 1.4832 | 14.1617 | 15.9867 | 35.3541 | 23.5722 | - | |
| **1994** | | 3.7833 | 7.7828 | 2.6792 | 26.6162 | 31.5905 | 66.0911 | 43.2351 | - | |
| **1995** | | 3.7722 | 7.6206 | 2.3369 | 26.5390 | 32.1770 | 60.0303 | 38.0354 | - | |
| **1996** | | 3.7787 | 7.8183 | 2.5929 | 26.5848 | 32.3948 | 62.4691 | 39.9935 | - | |
| **1997** | | 4.0780 | 8.5259 | 2.9225 | 28.6980 | 34.3423 | 81.6392 | 49.8299 | - | |
| **1998** | | 4.3993 | 9.2329 | 3.1357 | 30.9525 | 37.5788 | 90.2462 | 54.4506 | - | |

Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

1/ До 26.04.1992 година податоците се од Народна банка на Југославија

2/ Извршена деноминација на денарот за 100 во мај 1993

3/ Според Упатството за примена на Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народна банка на Република Северна Македонија (Службен Весник бр.13/2010) на курсната листа од 10.02.2010 година валутата CHF е во единица 1

4/ Според Одлуката за изменување на Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народна банка на Република Северна Македонија (Службен Весник бр.102/2014) на курсната листа од 09.07.2014 година валутата JPY е во единица 1